УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ

РОВАТИНЕКС®, Гастро-резистентни капули, меки

Активни супстанции: α-пинен, β-пинен, Камфен, Борнеол, Анетол, Фенхон, Цинеол

Внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас
Овој лек се издава во аптека без рецепт. Сепак, и понатаму треба внимателно да го употребувате Роватинекс® за да ги добиете најдобрите резултати од него.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Ако имате потреба од дополнителни информации или совети, обратете се кај Вашиот фармацевт.
- Доколку Вашите симптоми се влошуваат или не се чувствувате подобро, контактирајте го Вашиот доктор.
- Ако било кое од несаканите дејства се влоши или ако забележите било кое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

Упатството содржи:

1. Што претставува Роватинекс® и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да употребите Роватинекс®
3. Како да се употребува Роватинекс®
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Роватинекс®
6. Дополнителни информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА РОВАТИНЕКС® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Роватинекс® помага во растворување/кршење и отстранување (распаѓање и отстранување) на камењата од бубрезите и уринарниот тракт.

Роватинекс® ги ублажува мускулните грчеви со што се намалува болката во бубрезите и уринарните колики. Роватинекс® го зголемува протокот на крв и го намалува воспалението, кои што можат да бидат поврзани со присуство на камења во бубрезите.

2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ РОВАТИНЕКС®

НЕМОЈТЕ да употребувате Роватинекс® доколку сте алергични (преосетливи) на било која од активните супстанции α-пинен, β-пинен, Камфен, Борнеол, Анетол, Фенхон, Цинеол или било која од другите помошни супстанции на Роватинекс® (види дел 2 "Важни информации за некои од помошните супстанции на Роватинекс® " и дел 6 "Дополнителни информации" за повеќе информации).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

Бидете особено внимателни со Роватинекс®
Известете го Вашиот доктор доколку сте употребувале лекови за разредување на крвта или лекови кои се разградуваат од страна на црниот дроб.

Употреба на други лекови
Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт доколку употребувате или неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт. Овие лекови вклучуваат:

- лекови за разредување на Вашата крв (орални анти-коагуланти, на пример: Варфарин)
- лекови кои се разградуваат во црниот дроб (прашајте го Вашиот доктор за совет по ова прашање).

Бременост и доење
Прашајте го Вашиот доктор или фармацевт за совет пред да употребувате било каков лек. Доколку сте бремени или доите, може да употребувате Роватинекс® само по даден совет од Вашиот доктор.

Возење/управување со машини
Роватинекс® нема никакво влијание врз Вашата способност за возење или управување со машини.

Важни информации за некои од помошните супстанции на Роватинекс®
Следниве помошни супстанции на Роватинекс® можат да предизвикаат алергиски реакции: Sodium Ethyl Parahydroxybenzoate (E215), Sodium Propyl Parahydroxybenzoate (E217) (можна одложена алергиска реакција) и Sunset Yellow FCF 85% (E110).

3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА РОВАТИНЕКС®

Секогаш употребувајте Роватинекс® како што Ви е кажано од Вашиот доктор. Консултирајте се со Вашиот доктор или фармацевт доколку не сте сигурни како да го употребувате.
Роватинекс® секогаш мора да се употребува со голтање на целата капсула. Не ја гризете или џвакате капсулата.

Вообичаена доза за возрасни:
Земете 1 капсула 4 до 5 пати дневно пред оброк.

Вообичаена доза за деца на возраст од 6 до 14 години
Земете 1 до 2 капсули два пати дневно пред оброк.

Доколку употребите повеќе Роватинекс® отколку што треба
Доколку сте употребиле повеќе капсули отколку што треба, разговарајте со Вашиот доктор или фармацевт.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ СКОПЈЕ

Доколку сте заборавиле да употребите Роватинекс®
Не употребувајте двојна доза за да ја надокнадите заборавената доза. Земете ја веднаш штом ќе се сетите. После продолжете да ја земате следната доза во вообичаеното време.

Доколку имате било какви дополнителни прашања за употребата на овој производ, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, и Роватинекс®може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.

Ако забележите било какво несакано дејство Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.

5. ЧУВАЊЕ НА РОВАТИНЕКС®

Лекот да се чува на места недостапни за децата!
Да не се чува на температура над 25°C.

Да се чува добро затворен.

Не употребувајте Роватинекс® по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на етикетата на контејнерот или на надворешното пакување. Датумот на истек на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец. Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржи Роватинекс®

Активни супстанции на една мека гастро-резистентна капсула се: α-пинен 24.8 mg, β-пинен 6.2 mg, Камфен 15.0 mg, Борнеол 10.0 mg, Анетол 4.0 mg, Фенхон 4.0 mg, Цинеол 3.0 mg.
Друга состојка е Virgin Olive Oil.

Школката на капсулата содржи:
- Желатин
- Глицерол 85%
- Sodium Ethyl Parahydroxybenzoate (E215)
- Sodium Propyl Parahydroxybenzoate (E217)
- Sunset Yellow FCF 85% (E110)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

- Quinolone Yellow 70% (E104)

Како изгледа Роватинекс® и содржина на пакувањето
Роватинекс® капсули се жолти, облик на топка (сферични), меки желатинозни гастро-резистентни капсули кои содржат бледо жолт до зелено-жолт раствор за орална употреба со силен ароматичен мирис.

Секое пакување содржи 50 капсули.

Носител на одобрението за ставање на лекот во промет
ЕЛБИЈОР ДОО увоз-извоз
ул. "Огњан Прица" бр. 41
1000 Скопје
Р.Македонија

Производител
Rowa Pharmaceuticals Ltd.
Newtown, Bantry, Co. Cork.
Ирска

Датум на последна ревизија на упатството
Јули, 2015

